**20201582006**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ

Врз основа на член 27 став (1) алинеја 9 од Законот за возила („Службен весник на Република Македонија“ бр. 140/08, 53/11, 123/12, 70/13, 164/13, 138/14, 154/15, 192/15 и 39/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 161/19), министерот за внатрешни работи донесе

## ПРАВИЛНИК ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА НАЛОГОТ ЗА ПРОБНО ВОЗЕЊЕ, НАЧИНОТ НА ИЗДАВАЊЕ И КОРИСТЕЊЕ НА НАЛОГОТ ЗА ПРОБНО ВОЗЕЊЕ И КОРИСТЕЊЕ НА ВОЗИЛО СО ПРОБНА ПРЕНОСЛИВА МЕТАЛНА ТАБЛИЦА, КАКО И ФОРМАТА И НАЧИНОТ НА ВОДЕЊЕ НА ЕВИДЕНЦИЈА ЗА НИВНО ИЗДАВАЊЕ

Член 1

Со овој правилник се пропишуваат формата и содржината на налогот за пробно возење, начинот на издавање и користење на налогот за пробно возење и користење на возило со пробна преносива метална таблица, како и формата и начинот на водење на евиденција за нивно издавање.

Член 2

(1) Налогот за пробно возење се печати на хартија со бела боја во А5 формат.

(2) Налогот од ставот (1) на овој член е дводелен и содржи:

- реден број;
- име, презиме и потпис на возачот што го управува возилото;
- регистарски број на пробна преносива метална таблица;
- сериски број на налогот за пробно возење;
- сериски број на возачка дозвола на возачот;
- орган кој ја издал возачката дозвола;
- вид, марка, тип на возило;
- број на шасија на возилото;
- релација на користење на возилото;
- број на полиса за извршено задолжително осигурување;
- осигурителна компанија од која е издадена;
- датум и време на издавање на налогот за пробно возење,
- датум и време на важност на налогот за пробно возење;
- забелешка;
- потпис на службено лице во правното лице и
- место за печат.

(3) При пополнување од страна на службеното лице во правното лице кое врши производство и/или пушта возила на пазар едниот дел од налогот за пробно возење останува во евиденцијата во правното лице, а другиот дел од налогот се дава на возачот што го управува возилото.

(4) Образецот на налогот од ставот (1) на овој член, е даден во Прилог и е составен дел на овој правилник.

Член 3

Службено лице во правното лице, на барање на возачот што го управува возилото му издава целосно пополнет налог за пробно возење, пробна преносилива метална таблица и возило во исправна состојба, комплетно технички опремено.

Член 4

(1) Возачот од членот 3 од овој правилник го користи возилото одговорно, совесно и исклучиво за движење до определеното место, датумот и во времето наведени во налогот за пробно возење.

(2) Веднаш по завршување на користењето на возилото, возачот од ставот (1) на овој член, во утврдениот временски рок го враќа возилото во правното лице во истата состојба во која го земал, заедно со налогот за пробно возење и пробната преносилива метална таблица.

(3) Возачот кој го одвезол возилото на местото наведено во налогот, налогот за пробното возење и пробната преносилива метална таблица ги враќа во правното лице кое ги издало.

Член 5

За издадените налози за пробно возење и пробни преносливи метални таблици се води евиденција во писмена форма, во вид на регистар, кој се печати на хартија со бела боја во А3 формат, со впишување на бројот на издадени налози за пробно возење и пробни преносливи метални таблици на конкретно правно лице кое врши производство и/или пушта возила на пазар.

Член 6

Во случај на престанок или промена на дејноста, правното лице од членот 2 од овој правилник, ги враќа налозите за пробно возење и пробните метални преносливи таблици во Министерството за внатрешни работи.

Член 7

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник престанува да важи Правилникот за формата и содржината на патниот налог за користење на возило со пробни преносливи метални таблици и формата и содржината на регистарот за издадени потврди за пробно возење и пробни таблици („Службен весник на Република Македонија“ бр. 159/16).

Член 8

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 13.3-47430/1
9 јуни 2020 година
Скопје

Министер
за внатрешни работи,
**Наќе Чулев,** с.р.

Прилог

**Налог за пробно возење**

реден број_________________
име, презиме и потпис на возачот што управува возилото

________________________________________________________

регистарски број на пробна пренослива метална таблица

________________________________________________________

сериски број на налогот за пробно возење_________________

сериски број на возачка дозвола на возачот________________

орган кој ја издал возачката дозвола _____________________

вид, марка, тип на возило_______________________________

број на шасија на возилото_____________________________

релација на користење на возилото од__________________

до __________________________________________________

број на полиса за извршено задолжително осигурување

________________________________________________________

осигурителна компанија од која е издадена________________

датум и време на издавање на налогот ____________________

датум и време на важност на налогот______________________

забелешка________________________________________________

потпис на службено лице во правното лице ________________

М.П

**Налог за пробно возење**

реден број_________________
име, презиме и потпис на возачот што управува возилото

________________________________________________________

регистарски број на пробна пренослива метална таблица

________________________________________________________

сериски број на налогот за пробно возење_________________

сериски број на возачка дозвола на возачот________________

орган кој ја издал возачката дозвола_____________________

вид, марка, тип на возило_______________________________

број на шасија на возилото_____________________________

релација на користење на возилото од__________________

до __________________________________________________

број на полиса за извршено задолжително осигурување

________________________________________________________

осигурителна компанија од која е издадена________________

датум и време на издавање на налогот____________________

датум и време на важност на налогот______________________

забелешка________________________________________________

потпис на службено лице во правното лице ________________

М.П